## Народна банка на Република Северна Македонија
## Дирекција за статистика

Скопје, 20 март 2020 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Северна Македонија: февруари 2020 година

- По падот во јануари, **паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])**, во февруари 2020 година, забележа месечен раст од 0,2%, што во најголем дел се должи на зголемувањето на депозитните пари[3] и готовите пари во оптек, во услови на пад на краткорочните депозити, како и долгорочните депозити до две години. На годишна основа, паричната маса бележи раст од 7,2% и главно произлегува од зголемувањето на депозитните пари и краткорочните депозити, при помал раст на готовите пари во оптек, а во услови на пад на долгорочните депозити до две години.

- **Вкупните депозити[4]**, во февруари, се зголемени за 0,2% на месечно ниво и се објаснува со порастот на депозитите на секторот „домаќинства", при остварен пад на депозитите на корпоративниот сектор. Годишниот раст на вкупните депозити изнесува 8,3%, како резултат на растот на депозитите кај двата сектора, со поизразено учество во растот на секторот „домаќинства" (учество од 70,3%).

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[5] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019[1)] | 1.2020 | 2.2020 | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019[1)] | 1.2020 | 2.2020 | 1.2020 | 2.2020 |
| **Парична маса М4** | **418,499** | **427,071** | **438,662** | **455,411** | **449,749** | **451,280** | **11.7** | **10.5** | **10.8** | **9.3** | **8.9** | **8.2** | **-1.2** | **0.3** |
| **Парична маса М3** | **372,833** | **379,982** | **388,869** | **404,028** | **397,935** | **398,873** | **10.4** | **9.2** | **9.9** | **8.2** | **7.8** | **7.2** | **-1.5** | **0.2** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 31,236 | 32,554 | 33,368 | 36,108 | 34,084 | 35,131 | 9.0 | 9.7 | 8.8 | 12.0 | 10.6 | 12.5 | -5.6 | 3.1 |
| **Вкупни депозити** | **377,800** | **386,461** | **394,472** | **410,794** | **406,738** | **407,470** | **11.1** | **10.5** | **10.1** | **9.5** | **9.3** | **8.3** | **-1.0** | **0.2** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 96,147 | 99,456 | 104,178 | 111,948 | 106,744 | 105,647 | 12.1 | 10.1 | 11.1 | 14.6 | 12.2 | 10.2 | -4.6 | -1.0 |
| *Во денари* | 66,691 | 71,021 | 75,566 | 81,911 | 75,836 | 75,587 | 11.1 | 13.5 | 11.7 | 17.9 | 14.1 | 13.5 | -7.4 | -0.3 |
| *Во странска валута* | 29,456 | 28,434 | 28,613 | 30,036 | 30,909 | 30,059 | 14.4 | 2.6 | 9.4 | 6.4 | 7.7 | 2.6 | 2.9 | -2.7 |
| Домаќинства | 253,748 | 258,100 | 262,458 | 272,605 | 272,762 | 275,215 | 8.7 | 9.0 | 9.3 | 7.9 | 8.5 | 8.7 | 0.1 | 0.9 |
| *Во денари* | 131,901 | 135,492 | 137,346 | 146,231 | 144,373 | 146,522 | 9.6 | 11.8 | 12.0 | 10.4 | 11.1 | 11.1 | -1.3 | 1.5 |
| *Во странска валута* | 121,847 | 122,609 | 125,113 | 126,374 | 128,389 | 128,693 | 7.7 | 6.0 | 6.4 | 5.2 | 5.8 | 6.0 | 1.6 | 0.2 |
| **Вкупни кредити** | **324,798** | **330,726** | **328,970** | **341,389** | **341,249** | **343,463** | **9.0** | **8.1** | **5.6** | **6.0** | **6.8** | **6.9** | **0.0** | **0.6** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 164,734 | 165,305 | 159,764 | 167,952 | 166,774 | 167,671 | 8.2 | 6.4 | 1.7 | 1.9 | 3.2 | 2.8 | -0.7 | 0.5 |
| *Во денари* | 103,142 | 103,308 | 99,250 | 103,591 | 102,726 | 103,464 | 10.3 | 8.8 | 3.6 | -0.8 | 1.1 | 0.9 | -0.8 | 0.7 |
| *Во странска валута* | 61,592 | 61,997 | 60,514 | 64,361 | 64,049 | 64,207 | 5.0 | 2.5 | -1.5 | 6.6 | 6.6 | 6.0 | -0.5 | 0.2 |
| Домаќинства | 158,550 | 163,963 | 167,528 | 172,014 | 173,058 | 174,395 | 9.7 | 9.9 | 9.5 | 10.5 | 10.6 | 11.1 | 0.6 | 0.8 |
| *Во денари* | 88,854 | 91,492 | 92,821 | 95,075 | 95,882 | 96,611 | 12.9 | 11.4 | 9.6 | 10.0 | 10.2 | 10.3 | 0.8 | 0.8 |
| *Во странска валута* | 69,697 | 72,471 | 74,706 | 76,939 | 77,176 | 77,784 | 6.0 | 8.0 | 9.3 | 11.0 | 11.2 | 12.2 | 0.3 | 0.8 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[3] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.

[4] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.

[5] Годишните стапки на кредитите во периодот од јули 2019 па наваму се под влијание на ефектите од мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од една година.

– **Вкупните кредити**, во февруари, бележат месечен и годишен раст од 0,6% и 6,9%, соодветно. Нагорната промена на месечно и на годишно ниво е под влијание на зголеменото кредитирање кај двата сектора, што е поизразено кај секторот „домаќинства". Доколку се земе предвид ефектот од преносот на сомнителните и спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со регулаторните промени[6] според одлуката на Народната банка, кај вкупните кредити во февруари е забележан раст од 8,1% на годишно ниво.







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[7]




Извор: НБРСМ.

[6] На 9 август 2018 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18), според која банките имаат обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат со пренесување на) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од една година. И покрај преносот на вонбилансна евиденција на овие побарувања, банките го задржуваат правото за нивна наплата.

[7] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

– Во февруари, вкупните **депозити на корпоративниот сектор** се намалени за 1,0%, на месечна основа. Надолната месечна промена главно произлегува од краткорочните депозити во странска валута и во денари, при евидентиран пад и кај останатите компоненти, со исклучок на депозитните пари коишто бележат раст. Споредено на годишна основа, депозитите на корпоративниот сектор се повисоки за 10,2%, во најголем дел поради зголемувањето на депозитните пари, при помал раст на денарските долгорочни депозити и краткорочните депозити во странска валута, а во услови на пад кај останатите компоненти.

– Во овој месец, кај **кредитите на корпоративниот сектор**[8], е остварен месечен раст од 0,5%, со најголем придонес кон растот на кредитирањето во денари. Во споредба со истиот период од претходната година, кредитите на корпоративниот сектор се зголемени за 2,8%, главно како резултат на зголеменото кредитирање во странска валута. Со исклучување на ефектот од извршените отписи на сомнителните и спорните побарувања, согласно со одлуката на Народната банка, годишниот кредитен раст кај корпоративниот сектор во февруари изнесува 4,9%.







Извор: НБРСМ

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[9]




Извор: НБРСМ.

[8] Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамки на странската валута.
[9] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.

- Во февруари, вкупните **депозити на домаќинствата** се зголемени на месечно и на годишно ниво за 0,9% и 8,7%, соодветно, како резултат на растот кај сите компоненти. Притоа, најголем придонес кон месечниот раст имаат депозитните пари, додека годишниот раст во најголем дел се објаснува со зголемените депозитни пари и краткорочни депозити во странска валута.

- Кај вкупните **кредити на домаќинствата**, во февруари, е остварено месечно и годишно зголемување од 0,8% и 11,1%, соодветно. Анализирано по валута, месечниот и годишниот раст е малку поизразен кај кредитирањето во домашна валута. Со исклучување на ефектот од преносот на сомнителните и на спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со одлуката на Народната банка, годишниот кредитен раст кај домаќинствата во февруари изнесува 11,9%.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019[1)] | 1.2020 | 2.2020 | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019[1)] | 1.2020 | 2.2020 | 1.2020 | 2.2020 |
| Потрошувачки кредити | 82,324 | 86,335 | 89,042 | 92,430 | 92,219 | 92,980 | 10.9 | 12.0 | 12.8 | 14.6 | 14.5 | 14.3 | -0.2 | 0.8 |
| Станбени кредити | 46,477 | 47,785 | 49,116 | 51,338 | 51,804 | 52,539 | 13.6 | 12.9 | 11.9 | 12.7 | 13.2 | 14.4 | 0.9 | 1.4 |
| Автомобилски кредити | 319 | 320 | 316 | 316 | 309 | 308 | 0.4 | 4.0 | 4.8 | 1.4 | -1.8 | -1.4 | -2.3 | -0.4 |
| Кредитни картички | 12,113 | 12,007 | 11,956 | 11,928 | 11,853 | 11,724 | -0.4 | -1.5 | -2.3 | -2.6 | -2.7 | -3.2 | -0.6 | -1.1 |
| Негативни салда по тековни сметки | 6,830 | 6,850 | 7,043 | 6,123 | 6,910 | 6,901 | 8.4 | 2.7 | 2.3 | -1.7 | 1.5 | 2.2 | 12.8 | -0.1 |
| Други кредити | 4,252 | 4,217 | 4,194 | 4,118 | 4,083 | 4,032 | -6.2 | -8.2 | -8.2 | -10.6 | -10.9 | -5.7 | -0.8 | -1.2 |

Извор: НБРСМ.

– Анализирано од аспект на намената на кредитите одобрени на физичките лица, кај најзастапените категори – **потрошувачките и станбените кредити**, е остварен месечен раст од 0,8% и 1,4%, соодветно, како и годишен раст од 14,3% и 14,4%, соодветно. Во овој месец, **автомобилските кредити** бележат месечно и годишно намалување од 0,4% и 1,4%, соодветно. Пад по двете основи е евидентиран и кај кредитите одобрени на **кредитни картички** за 1,1% и 3,2%, соодветно. **Негативните салда на тековните сметки** бележат месечен пад од 0,1%, но на годишна основа тие се зголемени за 2,2%. Кредитите одобрени врз **други основи** остварија месечен и годишен пад од 1,2% и 5,7%, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 21 април 2020 година (референтен пресек заклучно со март 2020).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).